# РЕЗИМЕ НА ПРОЕКТОТ:

# ПАРТНЕРСТВО ЈУСТИЦИЈА: ВРАЌАЊЕ НА ДОВЕРБАТА НА ГРАЃАНИТЕ

Координатор: Институт за европска политика – Скопје

Партнер: Асоцијација за развојни иницијативи - ЗЕНИТ

Соработник: Здружение на судии на Република Македонија

**ГЛАВНА ЦЕЛ:** Придонес за враќање на довербата на граѓаните во македонскиот правосуден сектор преку значително вклучување на граѓанското општество во суштински реформи.

## СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ:

1. Обезбедување структуриран мониторинг и сеопфатен придонес од страна на граѓанското општество во спроведувањето на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор;
2. Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и засегнати страни од правосудниот сектор за учество во процесот на реформи во правосудството преку размена на искуства, вклучително и пренесување на најдобрите практики на ЕУ;
3. Поддршка и промовирање на суштински дијалог за реформите во правосудниот сектор меѓу граѓанските организации, засегнатите страни и граѓаните, преку застапување на јавните политики.

## ЦЕЛНА ГРУПА:

Национални и локални граѓански организации; медиуми; студенти по право; професионални здруженија во правосудството; Совет за следење на имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор; Министерство за правда; Врховен суд; основни и апелациони судови и јавни обвинителства; Судски совет; Совет на јавни обвинители; Академија за судии и јавни обвинители.

## КРАЈНИ КОРИСНИЦИ:

Институции во областа на правосудниот сектор (Министерство за правда, судски и јавно обвинителски систем, поврзани институции и засегнати страни), професионални здруженија во правосудството, граѓански организации, медиуми, академија, граѓани и општеството во целина.

ЕУ за ТЕБЕ

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕПИ

АСОЦИЈАЦИЈА ЗЕНИТ

## РЕЗУЛТАТИ:

Р1: Граѓанското општество работи заедно со јавните институции во следењето и имплементацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор;

Р2: Унапредено знаење и екпертиза на граѓанските организации и институциите во областа на правосудниот сектор за најдобрите регионални и ЕУ практики поврзани со правосудниот сектор, како и зајакнување на нивните капацитети за активно учество во развојот на реформите, спроведувањето, следењето и / или евалуацијата;

Р3: Подобрено застапување на јавните политики од страна на граѓанските организации и институциите во областа на правосудниот сектор пред носителите на одлуки и граѓаните.

## ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ:

Столб 1: **СЛЕДЕЊЕ**

- Развивање на матрица за следење со индикатори за вреднување на успехот ориентирани кон граѓаните;
- Следење на задоволството на судските корисници со анкети за успешност;
- Проценка на квалитетот и воедначеноста на судските одлуки во 3 приоритетни правни области - кривично, прекршочно и граѓанско право.

Столб 2: **УНАПРЕДУВАЊЕ**

- Студиска посета на претставниците од клучните институции во областа на правосудниот сектор во земјите-членки на ЕУ;
- Пренесување на најдобри практики и размена на искуства од земјите кои пристапуваат во ЕУ;
- Работилница за градење капацитети за стратешко планирање и процесот на преговори за пристапување.

Столб 3: **ИНФОРМИРАЊЕ**

- Дијалози за јавни политики на годишно ниво;
- Консултативни состаноци за напредок на реформите во правосудниот сектор;
- Консултации и вмрежување;
- Комуникација и застапување на јавните политики.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПРОЕКТОТ:**
21.12.2018 – 20.06.2021

**БУЏЕТ:**
219.804,18 Евра

**КОНТАКТ:**
ИВА ЦОНЕВСКА, проектен менаџер
(iva.conevska@epi.org.mk)

Проектот е финансиран од Сектор за централно финансирање и склучување договори, Министерство за финансии – Инструмент за пред-пристапна помош (ИПА II) 2014).